Врз основа на член 41 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и донесената Одлука на 234-та седница на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје, одржана на 26.01.2026 година, за свикување на 68-та седница на Собранието на акционери, Одборот на директори на

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, СКОПЈЕ**

**Објавува**

**П О В И К**
**до акционерите за учество на Собрание на акционери на Друштвото**

Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје ќе се одржи на ден 27.02.2026 година (петок) со почеток во 09,00 часот во седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје, бул.„3-та Македонска Бригада“ бр.36 со следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**I. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач на Собранието и
2. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел:**

1. Донесување Одлука за промена на Статутот на Друштвото;
2. Известување за поднесени оставки на членови на Одборот на директори.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество) најдоцна пред почетокот на Седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се доставaт на адреса бул.„3-та Македонска Бригада“ бр.36, 1000 Скопје, до Службата за правни и корпоративни работи. Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието на еден од следниве начини:

- со потпишување на писмено полномошно заверено на нотар;
- со давање на полномошно во писмена форма, без обврска да се завери полномошното на нотар, при што акционерот е должен писмено да го извести Друштвото за даденото полномошно и да достави доказ за неговиот личен идентитет. Обрасците за давање на полномошно во писмена форма се достапни за преземање на интернет страницата на Друштвото;
- со овластување на полномошниците по електронски пат на следната електронска адреса: osig@triglav.mk.

Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред, најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот. Постапката за предлагање на нови точки на дневен ред, предлагање на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред и начинот на поставување на прашања за точките од дневниот ред се објавени на интернет страницата на Друштвото.

Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање пополнет образец  кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 26.02.2026 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Образецот за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.

Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Друштвото се достапни на акционерите од денот на објавување на повикот, секој работен ден од 09-14 часот во седиштето на друштвото, на бул.„3-та Македонска Бригада“ бр.36, 1000 Скопје и на интернет страницата на друштвото: www.triglav.mk.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 290/20, 215/21 и 99/22) и член 154 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, а во врска со член 39 став 1 точка 1 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје на својата 68 седница одржана на ден 27.02.2026 година донесе:

# О Д Л У К А
## за измена на Статутот на Друштвото

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје чиј што пречистен текст е утврден од Одборот на директори на 233-та седница одржана на ден 25-26.12.2025 година.

**Член 2**

Членот 62 се менува и гласи:

„Член 62

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепениот систем.

Одборот на директори на Друштвото брои пет (5) членови.

Од вкупниот број на членови во Одборот на директори еден (1) член е извршен член, а останатите се неизвршни членови.

Најмалку една третина од неизвршните членови се независни членови на Одборот на директори.“

**Член 3**

Во член 87 ставот 2 се менува и гласи:

„Извршниот член ја извршува функцијата главен извршен директор.“

Ставот 4 се менува и гласи:

„Извршниот член го застапува и претставува Друштвото, без ограничување во односите со трети лица, со што самостојно ги потпишува сите договори и останати акти во кои настапува во име на Друштвото.“

Ставот 6 се брише.

**Член 4**

Во член 90 ставот 1 се менува и гласи:

„Извршниот член на Одборот на директори, најмалку еднаш во три месеци поднесува на неизвршните членови на Одборот на директори пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесува и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото.“

**Член 5**

Во член 147 став 1 алинејата 1 се менува и гласи:

„ - Помошник на извршниот директор;“

**Член 6**

Во член 148 ставот 1 се менува и гласи:

„Правата, обврските и одговорностите на раководните работници, се регулираат со договорот за уредување на односите помеѓу раководното лице и извршниот член на Одборот на директори на Друштвото, во согласност со Законот.“

**Член 7**

Во член 149 ставот 1 се менува и гласи:

„Извршниот член на Одборот на директори го застапува и претставува Друштвото неограничено во односите со трети лица, освен во ограничувања што се пропишани со Законот, овој Статут и одлуките на Одборот на директори.“

**Член 8**

Членот 158 се менува и гласи:

„Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот утврден од Одборот на директори на 233-та седница одржана на ден 25-26.12.2025 година.“

**Член 9**

Се овластува Одборот на директори да утврди пречистен текст на Статутот.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила од денот на добивање на согласност за изменување на Статутот на Друштвото од Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

____________________________

triglav

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ДРУШТВОТО**

Измената на Статутот е во правец на промена на бројот на членови на Одборот на директори на начин на кој се предвидува дека Одборот на директори ќе брои пет (5) членови, како и дека од вкупниот број на членови на Одборот на директори, еден (1) член е извршен член.

Со цел да се подобри ефикасноста на функционирањето на Одборот на директори и да се обезбеди побрзо и поефикасно донесување одлуки, се предлага намалување на бројот на неговите членови. Намалувањето на бројот ќе донесе повеќе корист за Друштвото, почнувајќи од поедноставување на процесот на одлучување. Помал број членови овозможува брзо донесување одлуки и побрза комуникација, што е особено важно во динамични бизнис услови.

Намалувањето на бројот на членови на Одборот на директори ќе овозможи поефикасно користење на ресурсите и ќе ги намали трошоците за Друштвото кои се поврзани со надоместоците, патните трошоци, организирањето на состаноци и други административни трошоци.

Намалувањето на бројот на членови на Одборот ќе создаде и поголема флексибилност и ќе овозможи побрзо прилагодување на новите пазарни услови и бизнис предизвици. Со помал состав, Одборот на директори ќе може побрзо да реагира на потребите на пазарот и да донесе соодветни одлуки.

Согласно сите овие аспекти, се очекува дека намалувањето на бројот на членови на Одборот на директори ќе резултира со поефикасно функционирање на Друштвото, поголема продуктивност и намалени оперативни трошоци.

Исто така, овие измени имаат за цел усогласување на бројот на членови на Одборот на директори со моменталната фактичка ситуација по оставката на двајца членови на Одборот на директори.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО

__________________________

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД
СКОПЈЕ
Примено: 21·01·2026

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 6229/1 | | |


**ОД**
**Дарко Поповски**
ул. Аминта Трети Бр.24-1/3
1000, Скопје
Република Северна Македонија

**ДО**
**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр.36
1000, Скопје,
Република Северна Македонија

**Предмет:** Оставка согласно член 66 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и член 364 од Законот за трговските друштва

# ОСТАВКА

Јас, долупотпишаниот Дарко Поповски, со овој поднесок, го известувам Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје дека поднесувам оставка од позиција неизвршен член Одбор на директори на Триглав Осигурување, АД Скопје, со тоа што оставката ќе стапи во сила и мандатот ќе престане заклучно со 27.02.2026 година.

Воедно, ја користам истата прилика да им се заблагодарам на останатите членови на Одборот на директори, како и на стручните соработници на Друштвото за досегашната успешна соработка.

Со почит,

Датум: 21.01.26

**Дарко Поповски**

[signature]

**Od:**
**Darko Popovski**
ulica. Aminta Treti št. 24-1/3
1000, Skopje
Republika Severna Makedonija

**Za:**
**Triglav Osiguruvanje AD, Skopje**
Bul. 3-ta Makedonska Brigada br. 36
1000, Skopje,
Republika Severna Makedonija

**Zadeva:** Odstop na podlagi 66. člena Statuta Triglav Osiguruvanje AD, Skopje in 364. člena Zakona o trgovskih družbah

# ODSTOP

Spodaj podpisani Darko Popovski obveščam skupščino delničarjev Triglav Osiguranje AD, Skopje, da odstopam z mesta neizvršnega člana Odbora direktorjev Triglav Osiguranje, AD Skopje, pri čemer odstop začel veljati in mandat prenehal najkasneje dne 27.02. 2026.

Obenem, bi se ob tej priložnosti zahvalil ostalim članom Odbora direktorjev, ter strokovnim sodelavcem družbe za dosedanje uspešno sodelovanje.

S spoštovanjem,

Datum: 21.01.26

**Darko Popovski**

[signature]

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД
СКОПЈЕ

| Примено: | 26.01.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 8411/1 | | |

**ОД**
**Војдан Јорданов**
ул. ул. Славејко Арсов бр.94
1000, Скопје
Република Северна Македонија

**ДО**
**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр.36
1000, Скопје,
Република Северна Македонија

**Предмет:** Оставка согласно член 66 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и член 364 од Законот за трговските друштва

# О С Т А В К А

Јас, долупотпишаниот Војдан Јорданов, со овој поднесок, го известувам Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје дека поднесувам оставка од позиција член Одбор на директори на Триглав Осигурување, АД Скопје, со тоа што оставката ќе стапи во сила и мандатот ќе престане заклучно со 27.02.2026 година.

Воедно, ја користам истата прилика да им се заблагодарам на останатите членови на Одборот на директори, како и на стручните соработници на Друштвото за досегашната успешна соработка.

Со почит,

Датум: 26.01.2026

**Војдан Јорданов**